# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*

# НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 13 04 Септември 2023 година примерокот е бесплатен
www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина 29-та седница

**Дневен ред за дваесет и деветата седница на Советот на општина Василево**

1. Годишна Програма за работа на ЈОУДГ„Прва Радост“ Василево за учебната2023-2024година......................................................................................02
2. Годишен извештај за работа на ЈОУДГ„Прва Радост“ Василево за учебната2022-2023година...........................................................................................................02
3. Давање согласност на Одлуката на ЈОУДГ„Прва Радост“ Василево за прием на повеке или помалку деца во група.................................................................................03
4. Давање согласност на Одлуката на ЈОУДГ„Прва Радост“ Василево за утврдување на комисија за прием на повеќе деца од проектираниот капацитет на ЈОУДГ„Прва Радост“ Василево и утврдување на поблиски критериуми за прием на деца.........................................................................................................04
5. Давање согласност на Одлуката на ЈОУДГ„Прва Радост“ Василево за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ„Прва Радост“ Василево..........................................................................................05
6. Финансиски извештај на ЈК„Турија за првото полугодие за 2023 година од 01.01,2023 година до 30.06.2023 година...............................................................05
7. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Васко Георгиев од Нова Маала..........................................................................................06
8. Донесување на одлука по барање за финансиски средства поднесено од Даниел Иванов од Владевци........................................................................................07
9. Програма за измена идоолнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови во општина Василево за 2023 година..............................08
10. Правилник за еднократна парична помош за прваче запишано во основно училиште на територијата на општина Василево..................................................09
11. Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејство со прваче на подрачјето на општина Василево во учебната 2023/2024 година........................11
12. Годишен – План за вработување за 2024 година за општина Василево..............13
13. Решение за именување на член на Надзорен Одбор на ЈПКД ,, Турија “ Василево....................................................................................................................14
14. Годишна – Програма на општинското одновно училиште ,, Атанас Нивичански“ за учебната 2023/2024 година.........................................................14

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за учебната 2023/2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за учебната 2023/2024 година донесен на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1064/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Прва Радост” Василево за учебната 2023/2024 година**

1. Со овој Заклучок се усвојува Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за учебната 2023/2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-1064/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за воспитна 2022/2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за воспитна 2022/2023 година донесен на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1065/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Прва Радост” Василево за воспитна 2022/2023 година**

1. Со овој Заклучок се усвојува Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за воспитна 2021/2022 година.

2 .Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-1065/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Заклучокот за давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за прием на повеќе или помалку деца во група**

Се објавува Заклучокот за давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за прием на повеќе или помалку деца во група, донесен на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1066/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва Радост” Василево за прием на повеќе или помалку деца во група**

1.Советот на општина Василево дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на

ЈОУДГ „Прва Радост" Василево за прием на повеќе или помалку деца во група .

2.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево".

08-1066/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Заклучокот за давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва Радост" Василево за утврдување на комисија за прием на повеќе деца од проектираниот капацитет на ЈОУДГ „Прва Радост" Василево и утврдување на поблиски критериуми за прием на деца**

Се објавува Заклучокот за давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва Радост" Василево за утврдување на комисија за прием на повеќе деца од проектираниот капацитет на ЈОУДГ „Прва Радост" Василево и утврдување на поблиски критериуми за прием на деца, донесен на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1067/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва Радост" Василево за утврдување на комисија за прием на повеќе деца од проектираниот капацитет на ЈОУДГ „Прва Радост" Василево и утврдување на поблиски критериуми за прием на деца**

1.Советот на општина Василево дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва Радост" Василево за утврдување на комисија за прием на повеќе деца од проектираниот капацитет на ЈОУДГ „Прва Радост" Василево и утврдување на поблиски критериуми за прием на деца .

2.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево".

08-1067/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Заклучокот за давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ „Прва Радост” Василево**

Се објавува Заклучокот за давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ „Прва Радост” Василево, донесен на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1068/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ „Прва Радост” Василево**

1.Советот на општина Василево дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Прва радост” Василево за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ЈОУДГ ,,Прва Радост” Василево .

2.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-1068/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Финанскиот извештај на ЈПКД „Турија” Василево за прво полугодие за 2023 година од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Финанскиот извештај на ЈПКД „Турија'' за прво полугодие за 2023 година од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година, донесен на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1069/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

-----------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019 и "Службен весник на РСМ" бр. 275/2019) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Финанскиот извештај на ЈПКД „Турија'' за прво полугодие за 2023 година од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година**

1. Советот на општина Василево го усвои Финансискиот извештај на ЈПКД „Турија” за прво полугодие за 2023 година од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево”.

08-1069/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Васко Георгиев од Нова Маала**

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства на Васко Георгиев од Нова Маала, донесена на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1070/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

-----------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата

редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Васко Георгиев од Нова Маала**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 50.000 денари на Васко Георгиев од Нова Маала, за одржување на турнир во одбојка во Нова Маала по повод празникот Успение на Пресвета Богородица .

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година, а ќе се исплатат на сметка на Васко Георгиев од Нова Маала.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-1070/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на Даниел Иванов од Владевци**

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства на Даниел Иванов од Владевци, донесена на Седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1071/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

-------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на Даниел Иванов од Владевци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски средства во висина од 50.000 денари на Даниел Иванов од с.Владевци за организирање на турнир во кошарка по повод празникот Голема Богородица.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2023 година, а ќе се исплатат на сметка на Даниел Иванов.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-1071/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година**

Се објавува Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година, донесена на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1072-2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови во општина Василево за 2023 година (Службен гласник на општина Василево бр.12/2021) се вршат измени и дополнувања :

Во точка 1. Планирани активности се менува:
Подточка 1.25 која гласи: Изработка на Урбанистички проект за разработка на урбанистичи план за село Владиевци за формирање на ГП 1 формирана од КП 1676, КП 1677, дел од КП 1679 и дел од КП 2015/3, КО Владиевци, Општина Василево и Изработка на Урбанистички проект за разработка на урбанистичи план за село Владиевци за формирање на ГП 1 формирана од КП 1673, дел од КП 1679 и дел од КП 2015/3, КО Владиевци, Општина Василево.

Во точка 1. Планирани активности се додава:
Подточка 1.27 која гласи: Изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 1.6 и ГП 1.8 согласно АУП за дел од УПВНМ Градошорци, Општина Василево..

Во точка 2. Финансирање после броевите 1.26 се додаваат броевите 1.27 и гласи:
„Средствата за активностите предвидени во точка 1.1; 1.2; 1.15; 1.16; 1.17; 1.18; 1.26 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево.
Средствата за активностите предвидени во точка 1.3; 1.4; 1.5; 1.6; 1.7; 1.8; 1.9; 1.10; 1.11; 1.12; 1.13; 1.14; 1.19; 1.20; 1.21; 1.22; 1.23; 1.24, 1.25, 1.26 и 1.27 немаат финансиски импликации на Буџетот на општина Василево за 2023 година и истите ќе се обезбедат од физички лица кои се подносители на барањето”.

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Василево“.

08-1072/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Правилник за еднократна парична помош за прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево**

Се објавува Правилникот за еднократна парична помош за прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево, донесен на Седницата на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1073/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Василево бр. 12/20), Советот на општина Василево на својата редовна седница, одржана на ден 22.08.2023 година го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**

**за еднократна парична помош за прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево**

**Член 1**

Со овој Правилник се одредуваат критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и висината на паричната помош која ја доделува Општина Василево за прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево.

**Член 2**

Право на користење на еднократна парична помош и согласно одредбите од овој

Правилник можат да остварат само физички лица кои што се жители на Општина Василево а имаат прваче запишано во основно училиште на територија на Општина Василево.

**Член 3**

Висината на парична помош за секое прваче изнесува 2.500 денари.

**Член 4**

Распределбата на средствата за парична помош ќе се врши врз основа на јавен повик, кој ќе биде објавен од страна на Општина Василево на огласната табла на општината, на интернет страницата на Општина Василево и на официјалната мрежа т.е. фан страната на Градоначалникот на Општина Василево. Рокот за пријавување по јавниот повик ќе биде до 20 септември.

Начинот, рокот и поблиските критериуми за пријавување ќе бидат определени во јавниот повик.

Распределбата на средствата ќе се врши врз основа на уредна и комплетна документација.

**Член 5**

За спроведување на постапката по јавниот повик, градоначалникот на Општина Василево формира комисија составена од пет членови, од кои три членови од вработените во општинската администрација и два членови од членовите на Советот на Општина Василево. По прибирањето и проверката на документите, комисијата од ставот 1 на овој член изготвува листа на прифатливи баратели на парична помош.

Градоначалникот на Општина Василево, врз основа на листата од ставот 2 на овој член, донесува решение за парчна помош на прифатливиот број на баратели, по што конечната листа со добитници на парична помош се објавува на интернет страницата на Општина Василево.

**Член 6**

Постапката за доделување на парична помош за прваче се поведува со поднесување на писмено барање со приложена документација од страна на еден родител/старател на дете прваче жител на Општина Василево во Архивата на Општина Василево.

Со поднесувањето на барањето подносителот (родител/старател) потпишува изјава за користење на неговите лични податоци и податоците на неговото потесно семејство, потребни во постапката за остварување и користење на правото на едонкратна парична помош, како и изјава дека податоците прикажани во приложената документација се точни, идентични и одговараат на реалната состојба, како и евидентен лист за видот на документите коишто ги има доставено.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за прваче е:

- Барање за остварување на правото на еднократна парична помош;

- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;

- Копија од Трансакциона сметка на барателот;

- Копија од извод од матичната книга на родените за детето;

- Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште – оригинал;

- Копија од решение за старател во случај на старателство.

**Член 7**

Образецот (Барање) и потребните изјави треба да бидат достапни Архивата при Општина Василево како како и на веб страницата на Општина Василево.

Подносителот на Барањето, документите ги приложува во копија а Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште се доставува во оригинал или на увид по барање на комсијата.

**Член 8**

Барањето за остварување на правото на парична помош за прваче се поднесува во рок до 20 Септември тековната година.

**Член 9**

Надзор на целата постапка ќе врши Љупчо Тегарски – Советник овластен просветен инспектор.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а истиот ќе се објави во „Службен гласник на Општината Василево“.

08-1073/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејства со прваче на подрачјето на Општина Василево во учебната 2023/2024 година**

Се објавува Одлуката за доделување еднократна парична помош на семејства со прваче на подрачјето на Општина Василево во учебната 2023/2024 година, донесена на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1074/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

-------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст (Службен гласник на Општина Василево бр. 12/20), Советот на општина Василево на својата редовна седница, одржана на ден 22.08.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за доделување еднократна парична помош на семејства со прваче на подрачјето на Општина Василево во учебната 2023/2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува право на доделување на еднократна парична помош од Буџетот на општина Василево за 2023 година за семејства со прваче со постојано живеалиште на родителите на подрачјето на Општина Василево во нето износ од 2.500,оо денари.

**Член 2**

Право на еднократна парична помош на семејства со прваче имаат родителите на сите првачиња запишани за прв пат во општинските основни училишта во Општина Василево во учебната 2023/2024 година.

**Член 3**

За остварување на правото на еднократна парична помош на семејства со прваче се поднесува Барање до Градоначалникот на општина Василево, до 20.09.2023 година. Барањата кои ќе бидат поднесени по наведениот период нема да бидат предмет на разгледување.

**Член 4**

Со Барањето за остварување на еднократна парична помош на семејства со прваче се приложуваат следните документи:

- Фотокопија на важечки документ за идентификација (лична карта/пасош) на барателот;
- Копија од Трансакциона сметка на барателот;
- Копија од извод од матичната книга на родените за детето;
- Потврда за запишан ученик во прво одделение заверена од основното училиште – оригинал;
- Копија од решение за старател во случај на старателство.

**Член 5**

Еднократната парична помош на семејства со прваче, врз основа на приложената документација ја доделува Градоначаникот на општина Василево со поединечно Решение.

**Член 6**

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Василево за 2023 година.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Василево“.

08-1074/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Василево за 2024 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Василево за 2024 година, донесена на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1075/2 Општина Василево
23.02.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 20 а и член 20 б од Законот за вработените во јавниот сектор (Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ " бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/2019; 14/2020; 95/2020; 302/2020), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 80/2016; 127/2016; 142/2016; 2/2017; 16/2017; 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/2019; 14/2020; 215/2021 и 99/2022) и член 22 од Статутот на Општина Василево-Пречистен текст(„Службен гласник на општина Василево“ бр. 12/2020), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година донесе

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Годишен план за вработување на општина Василево за 2024 година**

Член 1

Се дава согласност на Годишен план за вработување на општина Василево за 2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево”.

08-1075/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Решението за именување на член на Надзорен одбор на ЈПКД „Турија” Василево**

Се објавува Решението за именување на член на Надзорен одбор на ЈПКД „Турија” Василево, донесен на седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1076/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 19/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019 и "Службен весник на РСМ" бр. 275/2019) и член 22 точка 27 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување на член на Надзорен одбор на ЈПКД „Турија“ Василево**

1.За член на Надзорен одбор на ЈПКД „Турија“ Василево се именува:

- Нафие Демова – член;

2.Оваа Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево’’.

08-1076/1 Совет на Општина
23.08.2023 Василево
година претседател
Ристо Делијанов

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 60 од Статутот на општина Василево – Пречистен текст ("Службен гласник на општина Василево " бр. 12/20) Градоначалникот на Општина Василево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Атанас Нивичански” Нова Маала за учебната 2023-2024 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Атанас Нивичански” Нова Маала за учебната 2023-2024 година донесен на редовната седница на Советот на Општина Василево, одржана на ден 22.08.2023 година.

08-1077/2 Општина Василево
23.08.2023 Градоначалник
година Славе Андонов

--------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.05/02), и член 22 од Статутот на општина

Василево – Пречистен текст („Службен гласник на општина Василево„ бр. 12/20), Советот на Општина Василево на својата редовна седница одржана на ден 22.08.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**За усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Атанас Нивичански” Нова Маала за учебната 2023-2024 година**

1.Со овој Заклучок се усвојува Годишна програма за работа на ООУ „Атанас Нивичански” Нова Маала за учебната 2023-2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Василево“.

08-1077/1
23.08.2023
година

Совет на Општина
Василево
претседател
Ристо Делијанов